***З А П И С Н И К***

***од 48-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 26.02.2021 година***

Седницата се одржа во просториите на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар со почеток во 10 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Благоја Станојоски, Николче Димитријовски, Валентина Ѓорѓиовска, Татјана Кочовска, Мишко Поповски, Весна Ориѓанска, Христина Бојаџиева Андреска, Александра Ѓорѓиовска Трајчевска, Добри Најдовски, Драге Пупунчевски и Марија Кочовска. На седницата присутен беше Градоначалникот на општина Демир Хисар Марјанче Стојановски. Од општинската администрација присутни беа Раководителот Влатко Станковски, Марина Поповска и Раководителот Мише Милошевски.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се раследуваше по следниот

Дневен ред

1. Донесување на Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Доизградба на краци од градска фекална канализациона мрежа во градот Демир Хисар (профил бр.2 и бр.2.1) “.
2. Донесување на Буџет на општина Демир Хисар за 2021 година.
3. Донесување на Одлука за поништување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2021 година бр.17-1132/4 од 2020.
4. Донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година.
5. Донесување на Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар.
6. Донесување на Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар.
7. Донесување на Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар.
8. Донесување на Решение за именување на член на Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.
9. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Благоја Станојоски констатира во салата има присутни 7 советници од вкупно 11, што значи има кворум за работа. Ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. По предложениот Дневен ред немаше забелешки. Дневниот ред беше усвоен со 7 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Доизградба на краци од градска фекална канализациона мрежа во градот Демир Хисар (профил бр.2 и бр.2.1) “***

За Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Доизградба на краци од градска фекална канализациона мрежа во градот Демир Хисар (профил бр.2 и бр.2.1) “ објаснување имаше Раководителот Мише Милошевси. Во канализационата мрежа во Демир Хисар има четири краци да се поврзат. Еден е кај црквата Св.Никола, другиот крак кај стамбената зграда и фабриката Слобода, третиот кај Спорската сала и улицата Велко Влаховиќ и четвртиот крак кај градскиот пазар према

игралиштето тоа е поголема инвестиција. Со оваа одлука е опфатен кракот кај Св.Никола покрај куќата на Благоја Шундовски има шахта и ќе се влева после куќата на Шундовски. Претседателот на Советот Благоја Станојоски праша за вкупната вредност на инвестицијата и општината ќе има сопствено учество. Раководителот Милошевски објасни на повиците кога имаме сопствено учество поголеми се шансите да добиеме средства. Советничката Марија Кочовска праша дали сега ќе се аплицира за добивање на средства за два крака. Раководителот одговори да, толку средства можат да се обезбедат. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 2. Буџет на општина Демир Хисар за 2021 година***

За Буџетот на општина Демир Хисар за 2021 година Претседателот на Совет Благоја Станојоски објасни Буџетот беше разгледуван на две седници предходно не беше донесен, сега се става по трет пат на Дневен ред. Претставникот Марина Поповска објасни се е објаснето и кажано од наша страна се останува исто. Советничката Весна Ориѓанска праша за средствата кои Советот ги одобри со Одлуки дали исплата е зависна од донесување на Буџетот. Претставникот Влатко Станковски објасни ако нема Буџет score неможи да се врши исплати, се исплаќа само плата и тековни трошоци. Советничката Марија Кочовска праша ако и сега не се донеси Буџетот дали ќе може да се земи плата за февруари. Советничката Христина Бојаџиева Андреска објасни донесовме времен Буџет кој е за три месеци како може да не се земи плата, а советничката Валентина Ѓорѓиовска побара објаснување доведена е во прашање платата само за вработените во општината или за сите институции кои се дел од Буџетот. Советничката Весна Ориѓанска праша за колку вработени станува збор. Советничката Марија Кочовска додаде не е важно дали некој лично е засегнат за платата, на некој начин сите сме засегнати од донесувањето на Буџетот. Раководителот Влатко Станковски објасни да се работи за плата за сите вработени кои се дел од Буџетот не се однесува само на вработените во општината. Станува збор за околу 250 вработени. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша за капиталните расходи вкупно се 32.335.938, дали тука се планирани и тие кои беа дополнети на предходната седница, потоа забележа билансот на тековно оперативни расходи 147.457.481 заедно со билансот на капитални расходи 32.335.938 се 179.793.419, а не 179.783.419 како што стои во Буџетот на што се должи тоа. Потоа додаде на ова треба да се дополни плус 100.000 во програмат ЕА и во Јд плус 600.000, исто во А0 разни трансфери плус 518.000, и за што се наменети овие средства од разни трансвери. Претставникот од општината Марина Поповска објасни можеби програмата некаде не ги зема 10.000 ќе проверам каде е тоа. Потоа објасни од ставката 464 разни трансфери се исплаќа по поднесени барања од месни заедници, барања од физички лица. Советничката Валентина Ѓорѓиовска побра објаснување предходната година во оваа ставка биле планирани 3.900.000, а оваа година се 2.956.475 на што се должи разликата. Претставникот Поповска објасни предходната година 1.000.000 се префрлени за препокривање на домот во Слоештица по барање, оваа година се разделени она што се одобрува од Совет се планира на програма Совет, во програма Е0 што се барања до општината, во програма Д0 се планирани 250.000 овие средства се наменети за исплата на опремнина за пензионирања за вработени во општината и јавните институции кои се под локална самоуправа. Советничката Валентина Ѓорѓиовска констатира во Е0 на 464 се планирале 1.736.475, со дополнувањето се намали за 100.000 и за 18.000 остананаа 1.618.475, а предходна година овде се планирало многу малку. Потоа праша во Д0 425 договорни услуги за што се наменети, во Е0 исто на 425 договорни услуги планирани се 1.400.000 дали овие се наменети за вработувања по договор. Претставникот Марина Поповска објасни од Д0 договорни услуги се плаќа за адвокати кога се ангажира, а од Е0 425 се плаќа за договор кога се ангажирани лица има две вработувања со договор за дело. Градоначалникот Марјанче Стојановски објасни намерата е да се планира средства за овие две лица додека не се реши нивниот статус. Станува збор за две лица хигиеничар и едно лице вработено во Одделението за ЛЕР, имавме уште две лица, но тие од 01.03.2021 се во редовен работен однос. Потоа додаде сега не ограничуваат во планирањето, предходно можело да се планира и до 70% повеќе од реализирано предходна година, сега не смееме така и се планира блиску до реалното што може да се реализира и тоа е во ред. Советничката Валентина Ѓорѓиовска се обрати до градоначалникот со што се соочувате со неносењето на Буџетот. Градоначалникот

Марјанче Стојановски истакна општина Демир Хисар е едниствена општина која нема донесено Буџет, тоа е огромен проблем, Советот носи програми, носи одлуки за одобрување на средства, а не носи Буџет. Имаме барање со одобрени средства од Совет, но неможиме да ги исплатиме, се јавуваат подносителите, ме прашуваат зошто не му исплаќаме. На сите му велите донесовме одлука, одобривме средства, а не му кажувате дека не донесовте Буџет. Потоа прзентира колку одлуки се донесени од Советот, кои чекаат на исплата, а зависат од донесувањето на Буџетот. Одобривте 40 барања за еднократна парична помош, не донесовте Буџет, имаме шест новороденчиња, десет склучени бракови сите тие постојано се јавуваат и прашуваат кога ќе му исплатиме. Потоа се обрати кон советничката Весна Ориѓанска сте му рекле на Црковскиот одбор дека се одобрени средства, а не сте му рекле дека нема Буџет. Јас како градоначалник имам празно ќесе, исплативме плата за декември и за јануари, за февруари нема да можиме да исплатиме. Ќе се доведеме до ситуација да не можиме гориво да набавиме за комбињата учениците да ги однесеме на училиште, неможиме тендер да распишеме за набавка на електрична енергија, ќе нема струја во општината, ќе ги викнам медиумите и ќе кажам Советот не носи Буџет, неможи да функционира општината. Немам никаква грешка направено, нема од што да се срамам, и за Св. Тома неможиме да продолжиме со активностите, се се блокира. Му велите на луѓето ние донесовме одлука јаветесе кај градоначалникот тој треба да ви исплати, постојано ми се јавува ќерката на Методија луѓето се во незавидна состојба, не му кажувате дека нема Буџет. Потоа додаде оставам  на вашата совест. Откажани се неколку настани, за кои требаа минимални средства, си играте со судбината на 7.500 жители. Барања си идат, ние ги прибираме неможиме да ги враќаме, има 13 барања од месни заедници и црковни одбори сакаат да инвестираат, не можиме да му помогниме. Да не ги лажите граѓаните одлуките што ги донесовте се поништени без Буџет не важат. Советничка Валентина Ѓорѓиовска забележа одлуките кои ги носи Советот не се поништетни тие само Советот можи да ги поништи. Градоначалникот Стојановски објасни не се поништетни на луѓето парите му требаат, на 31 декември ќе му исплатев, му требаат и сега. Коректен сум и према вас советниците исплатени ви се сите паушали редовно. Треба да го цените тоа, и во други општини има советници од повеќе политички партии, но за Буџетот гласаат, се смеат со нас кога му кажувам дека немаме Буџет. Сите сме одговорни пред глаѓаните, не избрале да работиме за  граѓаните, оставам на вашата совест како ќе одлучите.   Советничката Валентина Ѓорѓиовска истакна некаде мора да има причина зошто е ваква одлуката, не учествуваме во носење на програмите, се што предлагаме не прифаќате, не влегува како приоритет, не добиваме целосни информации од институциите кои се под локална, од тука доаѓа недовербата. Ако не сме го донесле Буџетот цела општина знае Советот не гласаше за да се донесе Буџетот, ако гласаме да се трошат средства, но да не бараме информации како се трошат средствата, само општината ни дава целосни информации како ги троши средствата и другите институции треба да го следат примерот на општината, а не да се кажува од страна на директор дека Советот не е орган на кој детално треба да му се поднесе извештај како се трошат средствата. Од тука е недовербата, Советот треба само да гласа одлуки. Влегувам во општинската зграда вработен во општината ми вели како можам да спијам со мирна совест кога не сме го изгласале буџетот. Зошто да не спијам мирно јас немам украдено нешто, некој што има вина нека неспие со мирна совест. Градоначалникот Марјанче Стојановски објасни јас не кријам ништо имате детално образложение каде се потрошиле парите и нема што да кријам и сум единствен градоначалник што дава такво детално образложение. Редовно исплаќам на сите не ги делам барањата од кој и да се и жалам што на ваков начин Советот ми прави опструкции,  постојано пишуваш преписки за работењето на директорката до инспекторите. Тоа е начинот на изразување незадоволство и тоа што вработениот  во општината така ви рекол тоа е негово мислење. Советничката Валентина Ѓорѓиовска реагираше кога јас пишувам забелешки и се потпишувам никогаш анонимно не пишувам преписки. Што се однесува до тоа што го кажа вработениот во општината, треба да му се објасни дека одлуките си имаат своја причина, јас не сум против за финансиското работење на институциите, не сум задоволна од информацијата која се доставува до Советот, сме донесле заклучок сите институции да доставуваат образложение и треба да се почитува одлуките на Советот. Со таквото однесување се

создава недовербата и од таму доаѓаат и ваквите реакции, она што го предлагам никако да се прифати и да влези во Буџет, имам право да размислувам дека не ми се прифаќа предлогот и вака го изразувам незадоволството. Градоначалникот Марјанче Стојановски додаде не обвинувам никого само кажав кој се последиците, оставам на вашата совест да одлучите. Се лутам зошто му велите на граѓаните дека имате донесено одлука, а не му кажувате дека нема Буџет, ако имавме Буџет досега ќе беа исплатени и немаше да се плашам дали ќе има доволно средства за гориво за превоз на ученици. Претседателот на Советот Благоја Станојоски истакна дека застанува отворено на страната на градоначалникот за аргументите и фактите и ние сме виновни што општината е доведена до ваква ситуација. Ние треба да имаме доблест да мислиме и да не му даваме лажна надеж на барателите на средства. Градоначалникот не е крив ние ги донесовме одлуките, а не го донесовме Буџетот и доведовме до ситуација околу 300 вработени да не можат да земат плата. Тука е проблемот, ако не се донеси Буџетот и неможат да земат плата кој ќе биди виновен и како ќе му објасниме на граѓаните, кога тргнуваме од лични интереси при носење на одлуки. Уште еднаш апелирам да се донеси Буџетот да се донеси одлука слободно без притисоци и стеги во иднина можеме да дебатираме за повеќе прашања, ова е една сугестија. На ваквата дискусија реагираше советникот Мишко Поповски истакнувајќи Претседателот на Советот ме стави во дилема. После три години му давате подршка на градоначалникот, а три години бевте најголеми кочничари. Ова требаше пред три години да го кажиш, а не сега, три ипол години го уценувате градоначалникот, ние како опозиција спасувавме ситуација, за сега вие да се претставувате како спасители, а ние од опозицијата кочничари. Денеска се срамам што сме овде, ако немате обезбедено мнозинство за да се донеси Буџетот, а сте закажале седница и сме дошле само да ја земиме дневницата. Ако не помини Буџетот за сметка на тие 300 вработени кои неможат да земат плата, а сте закажале седница само да земиме паушали без обезбедено мнозинство е срам. Претседателот на Советот Благоја Станојоски рече сме правеле грешки, а советничката Марија Кочовска додаде зошто ги подржувате програмите, а не гласате за Буџетот. Советникот Мишко Поповски и тоа е грешка, Буџетот е само план, важна е реализацијата, нашите предлози не се прифаќаат. Советничката Марија Кочовска рече ако имате предлог дајте. Советникот Мишко Поповски објасни цело време бараме еден член во комисијата за општествени дејности не прифаќате, поконструктивна опозиција немало досега. Не е момент да се обвинуваме сега. Ние сме гласале и за и против, но досега не сме условувале. Претседателот на Советот Благоја Станојоски даде пауза за дополнителни консултации. После паузата Советничката Валентина Ѓорѓиовска забележа во предлог Буџетот на ставки разни трансвери во програма А0 и Е0 вкупно има 2.136.475, од она што го дискутиравме од оваа ставка се врши исплата по барање на физички лица месни заедници црковни одбори. За физички лица има плус планирано 900.000. Во програмата Е0 планирани се 1.400.000 договорни услуги од оваа ставка се планира две вработувања по договор за дело и според пресметките за една година 1.000.000 се повеќе од доволни, затоа предложи на оваа ставка да останат 900.000, а во Е0 ставка 464 планирани се 1.618.475 овие се наменети за плаќање по поднесени барања тука доволни се 618.475 заедно со тие 518.000 доволно е. Што значи тие 500.000 од 425 и 1.000.000 од 464, вкупно 1.500.000 да се пренаменат во програма за УП 400.000 и 1.100.000 во програма Јд. Во програмата за урбанистички планови има планирано само 200.000 ќе треба да се работат урбанистички планови и исто има потреба од повеќе средства во програмата за изградба и реконструкција на улици. Според тоа како е планиран Буџетот сметам дека многу средства се планирани за барања од физички лица и барања од Месни заедници и Црковни одбори и според предходни години, повеќе од колку се потребни. Градоначалникот Марјанче Стојановски истакна нема да ги прифатам овие измени не во овај период, ова би ме навредило и мене и службите. Ова е трет пат Буџетот да е на Дневне ред имавте време декември месец, јануари, имавте распарва сте можеле да ги ставите забелешките. Вака како што предлагаш на многу погрешно место ги предлагаш средствата, само ќе лежат и нема да бидат искористени, за сметка на тоа ќе нема доволно средства на ставките каде се крати. Ако ни требаат повеќе средства на тие ставки со ребаланс ќе го направиме тоа. Најкорисни се средствата во ставката договорни услуги затоа и таму се планирани, не треба средства во програмата за урбанистички планови не е лесно да

се изработат урбанистички планови тоа е постапка која трае повеќе години и да се почни оваа година нема да се плати, очекуваме повик ќе аплицираме за средства за тоа тоа се скапи проекти. Има многу барања кои чекаат на исплата неможи да ги кратиме средствата таму. Предлагам Буџетот да се гласа така како што е планиран. Советничката Марија Кочовска реагираше советниците имаат право да предлагаат и секој добро да размисли дали е подобро да се донеси буџет со измени или да немаме буџет. Имаме предлог и треба да се гласа предлогот. Градоначалникот Стојановски потврди дека стои на ставот Буџетот да остани како што е предложен и нема да ги прифати измените. Советничката Кочовска повторно реагираше како нема да бидат прифатени измените кога измените ги предлага советник, Советот го гласа Буџетот, немора градоначалникот да ги прифаќа или не измените. После не обвинувате дека не го гласаме Буџетот, ако ова е солуција да имаме Буџет зошто да не се прифати. Градоначалникот Марјанче Стојановски повторно објасни со предлогот на погрешно место се планирани средствата, беспредметно е да се предлага ваква измена, неможи со уцена да се работи. Со ваков предлог само ќе лежат средствата нема да бидат искористени. Затоа предлагам да се донеси како што е предложен Буџетот. Советничката Марија Кочовска додаде ова не е уцена само советник има предлог, кога предлог има советник кој и да е треба да се гласа предлогот, и ако во овај момент овај предлог е солуција неможам да разберам каде е проблемот. Така како што е предложен Буџетот два пати не беше гласан и сега ако не се донеси на четвртиот пат сигурно нема да се донеси. Не дека нема доволно средства и да нема со ребаланс пак ќе се пренаменат. Советничката Влентина Ѓорѓиовска објасни ако има 15 барања по 30.000 да му се одобрат доволно има средства, предходната година во ставка урбанистички планови нула реализација, неможиме да си дозволиме и оваа година исто, немаме изготвено ни еден урбанистички план единствена општина сме што нема урбанистички планови. Градоначалникот Стојановски додаде нема време во Јуни ќе има прв ребаланс ќе биди касно јас го кажав моето мислење. Советничката Марија Кочовска додаде и јас го кажав моето мислење и ги почитувам предлозите на советниците ако пренамената на средствата е клучен момент дали ќе се донеси или Буџетот можеби со прифаќање на предлогот некој ќе го смени мислењето за гласање. Претседателот на Советот Благоја Станојоски објасни секој советник има право да предлага, потоа предложи пауза од десет минути. После паузата Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша дали дотолку не се издржани предлозите, потоа ги замоли советниците доколку некој од советниците смета дека предлозите кои ги даде се асолутно неиздржани и го дели мислењето на градоналчалникот како што градоначалникот категорично ги отфрли нека се изјасни, тогаш ќе го повлечам предлогот. Градоначалникот Стојановски рече не ги отфрлив, ама стојам на ставот дека не треба да се чепка во тие ставки. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша што мислат претставниците од одделението за финансии за предлогот. Потоа додаде се обидов да дадам шанса за Буџетот и вие да дадевте шанса и да ги прифатите размислувањата на советниците. Мислам не е неприфатлив предлогот, ако е толку неприфатлив го повлекувам предлогот. Преседателот на Советот Благоја Станојоски објасни бидејќи предлогот е повлечен дискусијата е исцрпена Буџетот го стави на гласање. За донесување на Буџетот гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ Буџетот не беше донесен.

Претседателот на Советот Благоја Станојоски истакна, бидејќи Буџетот не е донесен по точките 3 и 4 нема да се расправа.

***ТОЧКА 5. Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар***

За член на УО на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар, Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Николче Димитријовски ја предложи Менче Наловска од с.Слепче. Дискусија немаше. За предлогот гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ против немаше. Не се прифати.

***ТОЧКА 6. Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар***

За член на УО на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар, Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Николче Димитријовски го предложи Звонко

Стојковски од с.Жван. Дискусија немаше. За предлогот гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ против немаше. Не се прифати.

***ТОЧКА 7. Решение за именување на член на УО на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар***

За член на УО на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Николче Димитријовски го предложи Узеир Шерифовски од с.Обедник. Дискусија немаше. За предлогот гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ против немаше. Не се прифати.

***ТОЧКА 8. Решение за именување на член на Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

За член на Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Николче Димитријовски го предложи Славче Петровски од Сопотница. Дискусија немаше. За предлогот гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ против немаше. Не се прифати.

***ТОЧКА 9. Предлози и прашања***

По оваа точка немаше дискусија. Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот ја затвори седницата.

**Бр.17- 251/3**
**12. 03 .2021 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
**Благоја Станојоски с.р.**